ЗАКОН ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО И РУРАЛЕН РАЗВОЈ

Сл. Весник на Р. Македонија, бр.74 од 19.06.2017 година

Член 1

Во Законот за дополнување на Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија" број 11/16), во членот 1 став 1 по зборовите: „Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2016 година" се додаваат зборовите: „и Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2017 година", а по зборовите: „Програмата за финансиска поддршка на рурален развој за 2016 година" се додаваат зборовите: „и Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2017 година".

Во ставот 2 по зборовите: „Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2016 година" се додаваат зборовите: „и Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2017 година", а по зборовите: „Програмата за финансиска поддршка на рурален развој за 2016 година" се додаваат зборовите: „и Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2017 година".

Член 2

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".